Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија„ бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и 43/14), а во врска со членовите 15 и 16 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата, бр.01-5734/1 од 19.11.2014 година, согласно Мислењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, бр.01-5078/2 од 14.11.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-5671/11 од 19.11.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 18-та седница одржана на 19.11.2014 година, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ МЕДИУМИ НАДВОР ОД РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## I. Општи одредби

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) и водењето евиденција за начинот на пренесување медиуми - носители на лични податоци надвор од работните простории на Агенцијата односно за примање на медиуми - носители на лични податоци во работните простории на Агенцијата.

### Член 2

За потребите на ова Упатство, одделните поими го имаат следното значење:

**Овластени лица** се директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата, членовите на Советот на Агенцијата, лицата вработени во стручната служба на Агенцијата и/или ангажираните лица во Агенцијата, кои имаат авторизиран пристап до документите и до информатичко комуникациската опрема на Агенцијата.

**Авторизиран пристап** е овластување доделено на овластеното лице за обработка на личните податоци во Агенцијата, за користење на одредена информатичко комуникациска опрема или за пристап до одредени работни простории на Агенцијата;

**Информациски систем** е систем со кој може да се обработуваат личните податоци со цел да бидат достапни и употребливи за секој кој што има право и потреба да ги користи;

**Медиум** е физички уред кој се користи при обработка на личните податоци во информацискиот систем, на кој податоците можат да бидат снимени или од кој истите можат да бидат повторно вратени.

## II. Начин на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на лични податоци во Агенцијата

**Член 3**

Агенцијата води евиденција за лицата овластени за вршење обработка на личните податоци.

Евиденцијата од став 1 на овој член ги содржи следните елементи:

- име и презиме на овластеното лице;
- датум на издавање на овластувањето;
- рок на важење на овластувањето, и тоа:
  - доколку работникот е вработен на неопределено работно време, како рок на важење на овластувањето се наведува – неограничено додека е на работното место на кое е распореден,
  - доколку работникот е вработен/ангажиран во Агенцијата на определено работно време како рок на важење на овластувањето се наведува датумот до кој работникот е вработен/ангажиран во Агенцијата на определено работно време на работното место на кое е распореден.
  - овластувањето на директорот на Агенцијата, на заменикот на директорот на Агенцијата и на членовите на Советот на Агенцијата, важи за временскиот период на траење на нивниот мандат согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- обем на овластувањето (се наведува дали овластеното лице има овластување да внесува, брише, корегира или пак да гледа лични податоци), и
- начин на пристап (се наведува дали овластеното лице има пристап до личните податоци содржани во хартиена документација или до личните податоци кои автоматски се обработуваат или има пристап и на двата начина).

Во евиденцијата од став 1 на овој член се внесуваат и податоци за идентификување на информацискиот систем од кој се врши надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација.

**Член 4**

Евиденцијата за лицата овластени за вршење обработка на личните податоци во Агенцијата се врши на образец даден во прилог на ова Упатство (Прилог бр.1), кој е негов составен дел.

Евиденцијата од став 1 на овој член се чува најмалку 5 (пет) години.

Офицерите за заштита на личните податоци вршат периодична проверка на податоците во евиденцијата од став 1 на овој член, најмалку еднаш месечно и изготвуваат извештај за извршената проверка и за констатираните неправилности.

## III. Начин на водење евиденција за пренесување медиуми – носители на лични податоци надвор од работните простории на Агенцијата односно примање на вакви медиуми во Агенцијата

**Член 5**

Агенцијата воспоставува систем за евидентирање на медиумите кои се носители на лични податоци, а кои се примаат односно испраќаат од страна на Агенцијата надвор од нејзините работни простории.

Евиденцијата на медиумите носители на лични податоци кои се примаат односно испраќаат од страна на Агенцијата ги содржи следните податоци и тоа:

- видот на медиумот носител на лични податоци кој е примен/испратен од страна на Агенцијата;

- датум и време на прием/испраќање на медиумот;
- субјект на кого му се испраќа односно од кој се прима медиумот носител на лични податоци;
- број на медиуми кои се примени;
- вид на документ кој е снимен на медиумот;
- начин на испраќање на медиумот, и
- име и презиме на лицето овластено за прием на медиумот.

Евиденцијата од став 1 од овој член се врши на образец даден во прилог на ова Упатство (Прилог бр.2), кој е негов составен дел.

Пренесување на медиуми носители на лични податоци, надвор од работните простории на Агенцијата се врши само врз основа на овластување дадено од страна на директорот на Агенцијата.

При пренесување на медиуми кои се носители на лични податоци, надвор од работните простории на Агенцијата, се преземаат сите неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив.

## IV. Завршни одредби

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на ова Упатство, престанува да важи Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-5945/1 од 19.11.2012 година.

**Член 7**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување, а истото ќе биде објавено на огласната табла во Агенцијата.

Прилог (2)

Бр.01-5762/1

19.11.2014 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Прилог бр.1
кон Упатството

# ЕВИДЕНЦИЈА
## за лица овластени за вршење обработка на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

| Бр. | Име и презиме на овластеното лице | Датум н а издавање на овластувањето<br>Број и дата (ДД.ММ.ГГ) | Рок на важење на овластувањето<br>доколку работникот е вработен на неопределено работно време, како рок на важење на овластувањето се наведува – неограничено додека е на работното место на кое е распореден,<br>доколку работникот е вработен/ангажиран во Агенцијата на определено работно време како рок на важење на овластувањето се наведува датумот до кој работникот е вработен/ангажиран во Агенцијата на определено работно време на работното место на кое е распореден.<br>овластувањето на директорот на Агенцијата, на заменикот на директорот на Агенцијата и на членовите на Советот на Агенцијата важи за временскиот период на траење на нивниот мандат согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; | Обем на овластувањето за пристап до личните податоци<br>Да се опише обемот на овластување (на пример, да внесува лични податоци, да брише, да коригира, да гледа и сл.) | Начин на пристап<br>Да се опише дали овластеното лице има пристап до личните податоци содржани во хартиена документација или до личните податоци кои автоматски се обработуваат или има пристап и на двата начина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| 10. | | | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Прилог бр.2
кон Упатството

# ЕВИДЕНЦИЈА

**за пренесување медиуми – носители на лични податоци надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно примање на вакви медиуми во Агенцијата**

| Бр. | Вид на медиум, носител на лични податоци кој е примен во/испратен од страна на Агенцијата | Датум и време на прием/испраќање на медиумот од страна на Агенцијата | Субјект на кого му се испраќа/од кој се прима медиумот, носител на лични податоци | Број на медиуми кои се примени | Вид на документ кој е снимен на медиумот | Начин на испраќање на медиумот | Име и презиме на лице овластено за прием на медиумот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |
| 9. | | | | | | | |
| 10. | | | | | | | |
| 11. | | | | | | | |
| 12. | | | | | | | |
| 13. | | | | | | | |
| 14. | | | | | | | |

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги